2/4

Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

Бр. 12-2335/2
Датум 10 DEC 2024

До:
Здружението за промоција и унапредување на уметноста, науката и образованието УМНО-Скопје
Ул.„Есенинова 7а/14 Кисела Вода, Скопје

Предмет: Одговор по предлог иницијатива
Врска: Наш број 12-2335/1 од 14.11.2024 година

Почитувани,

Министерството за образование и наука со внимание ја разгледа Предлог-иницијативата од Здружението за промоција и унапредување на уметноста, науката и образованието УМНО-Скопје со наслов „Младите размислуваат: Што е УМНО да се направи со македонското образование“, доставена преку Генералниот секретаријат на Владата и по однос и релевантноста и прифатливоста на иницијативата Ве известуваме за следното:

Министерството за образование и наука ја поздравува Вашата иницијатива и при тоа истакнува дека соработката со граѓанскиот сектор е од особена важност со цел разменување на искуства, практики и споделување на резултати од одредени релевантни истражувања кои можат да придонесат за подобрување на воспитно-образовниот процес во нашата држава.

Воспитно-образовниот процес како еден долг и динамичен процес е предизвик за секое општество, па така и во нашата држава Министерството за образование и наука постојано работи во насока на креирање на политики, практики и програми за да се унапреди воспитно- образовниот процес на сите нивоа на образованието, за да произведе кадар конкурентен на пазарот на трудот во нашата држава и пошироко.

Ја поздравуваме Вашата иницијатива со која како целна група ги имате децата и младите. Односно преку Вашата иницијатива сакате да се чуе гласот на децата и младите за тоа какво образование сакаат да имаат, што им недостига на младите, како сакаат да им се одвива наставата и слично.

Предлагате работилници за основци и средношколци во Скопје и три други градови, со што сакате да ги мотивирате да создаваат автентични пораки, а потоа истите да ги претворат во мали уметнички дела кои ќе им ги красат училниците.

Министерството за образование и наука ја поздравува Вашата иницијатива, и цени дека јасно се поставени целите кои сакате да ги постигнете со проектот, но она што не може да се утврди од Вашата иницијатива дали постои акциски план за спороведување на оваа


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi ” nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

активност, која возрасна група на ученици ќе биде опфатена со овој проект, кои училишта, кој ќе врши евалуација на постигнувањата од проектот и кој ќе ги финансира активностите предвидени со проектот, во кој временски период ќе се реализираат предвидените активности односно истите не смеат да го нарушат воспитно образовниот процес.

Воедно, во овој контекст би сакале да напомeнеме дека согласно Законот за основното образование и Законот за средното образование, учениците имаат можност активно да учествуваат со свои предлози и иницијативи во училишниот живот преку ученичкиот парламент кој има надлежности активно да учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, да го промовира ученичкиот активизам, да учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности, да учествува во подготовката на годишната програма за работа, да дава предлог активности за годишните програми за екскурзии, да дава предлози за воннаставни активности на училиштето, да дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард, да учествува во евалуацијата на работата на училиштето, да преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и организира и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.

Исто така Ве известуваме дека со новите законски измени во средното образование предвидено е формирање на ученички совет и ученички правобранител. Ученичкиот совет е надлежен до училиштето да достави програма за работа која ќе биде составен дел од Годишната програма за работа на училиштето додека ученичкиот правобранител ќе се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето и ќе ги застапува учениците пред стручните органи и консултативните тела на училиштето.

Со почит,

**Министерка за образование и наука**
**проф.д-р Весна Јаневска**

Подготвил: Сања Јанчева/ Илина Тарчуговска
Контролирал: м-р Даниела Граороска Саздова/ Садете Рамадани Мора
Одобрил: Билјана Казанџиска/ Наталија Кижевска
Согласен: Државен секретар, Елена Ивановска


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk